ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 1
Бр. 02-4361/2
02-07-2020

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48 и член 50 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на Банката на XXXIV-та седница одржана на ден 2.7.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

### Член 1

За независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години сметано од 2.7.2020 година се именува Владо Камбовски.

### Член 2

На именуваниот член на Надзорниот одбор му се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор во износ од 45.000 денари.

### Член 3

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за именување на независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје бр. 02-9009/2 од 05.11.2019 година донесена на XXXII-та седница на Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

**Томе Волкановски**

ТТК БАНКА АД 1 СКОПЈЕ